**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20.12.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5458 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 14 ноември 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 декември 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)

   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 20.09.2018 година, за непочитување на член 14 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-470, од 20.09.2018 година) на радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на решението (24.09.2018 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, емитуван на 14 ноември 2018 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка - опомена**, односно ја отстранил извршената повреда на член 14 од Законот за медиуми.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***